# З А П И С Н И К

**од 12-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово**
**одржанана 23.06.2022година**

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово. Седницата започна во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 13 членови на Советот, Градоначалникот на општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Отсутен беше советникот Лазар Ангелов. Дополнително од расправата под Точка 6 советникот Ивана Готиќ се приклучи кон работата на Советот на Општина Валандово.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 12-тата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог - Одлука за утврдување приоритет на Проект „Изградба на полски пат Јосифово - Калково“;
2. Предлог - Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата „Изградба на полски пат Јосифово - Калково“;
3. Предлог - Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2022 година;
4. Предлог - Одлука за одобрување на финансиска поддршка на организаторот на спортската манифестација – меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2022” Пирава;
5. Предлог – Одлука за одобрување на средства за реализација на програмски активности на ЖФК ПОБЕДА ВАЛАНДОВО 14;
6. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства за санирање на штетите на индивидуална семејна куќа сопственост на фамилијата Јованови од с.Пирава;
7. Предлог – Одлука за одобрување на финансиски средства за реализирање на активности на Општинската организација на Црвениот крст Валандово;
8. Информација за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово;

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.
Никој не се јави за збор и истиот беше ставен на гласање и едногласно, со 13 гласа ЗА, беше изгласан.

Пред да се пристапи кон работа по дневниот ред, беше отворена расправа по записникот од 11- тата редовна седница на Советот.

Никој не се јави за збор и записникот од 11-тата редовна седница, беше ставен на гласање и со 13 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ, беше усвоен.

ТОЧКА 1

По Предлог - Одлуката за утврдување приоритет на Проект „Изградба на полски пат Јосифово - Калково“, образложение имаше градоначалникот Перо Костадинов. Појасни дека и првата и втората точка се однесуваат за истата апликација која што Општина Валандово ќе ја има во Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделијето и руралниот развој а се работи за полски пат за помош на населението во с.Јосифово и с.Калково.
Исто така рече дека за неколку дена започнува изградбата на улицата “Моше Пијаде” во Јосифово која што ќе биде реализирана а за која се и завршени сите јавни постапки од страна на Министерството за транспорт и врски преку проектната единица од Министерството за транспорт и врски. Исто така Општина Валандово на почетокот на следниот месец започнува со иградба на улицата во населбата Горна маала во Балинци како и реконструкција на тротоарите во Валандово. Овие две точки се дел од пропратната документација која што општината треба да ја изготви при аплицирањето на проектот. Појасни дека овие проекти МЗШВ преку Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделијето и руралниот развој обезбедува средства и рече дека се надева дека овие проекти ќе бидат прифатени.

Немаше други пријавено за дискусија, па Предлог - Одлуката за утврдување приоритет на Проект „Изградба на полски пат Јосифово - Калково“, беше ставена на гласање и едногласно, со 13 гласа ЗА, истата беше изгласана.

ТОЧКА 2

По Предлог - Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата „Изградба на полски пат Јосифово - Калково“ немаше пријавено за дискусија, па Советот по спроведеното гласање едногласно, со 13 гласа ЗА даде позитивно мислење на Предлог - Одлуката за давање согласност за намената на инвестицијата „Изградба на полски пат Јосифово - Калково“.

ТОЧКА 3

По Предлог - Одлуката за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2022 година детално образложение даде раководителот на одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова - Јорданова. Притоа информираше дека се работи врз основа на поднесено барање од страна ООУ Јосип Брзо Тито до одделението за финансиски прашања каде што се врши пренамена на средства од едно на друго соодветно конто.

Немаше други пријавено за дискусија, па Предлог - Одлуката за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2022 година, беше ставена на гласање и едногласно, со 12 гласа ЗА, истата беше изгласана со тоа што согласно член 44 став 5 од Законот за локална самоуправа, советничката Мила Дончева како вработена во јавна служба основана од општината, не може да учествува во процесот на одлучување за прашања што се однесуваат на јавната служба во која е вработена и истата се иззема од гласање.

ТОЧКА 4

По Предлог - Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на организаторот на спортската манифестација – меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2022” Пирава немаше пријавено за дискусија, па Советот по спроведеното гласање едногласно, со 13 гласа ЗА даде позитивно мислење на Предлог - Одлука за одобрување на финансиска поддршка на организаторот на спортската манифестација – меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2022” Пирава.

ТОЧКА 5

По Предлог – Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на ЖФК ПОБЕДА ВАЛАНДОВО 14 немаше пријавено за дискусија, па Советот по спроведеното гласање едногласно, со 13 гласа ЗА даде позитивно мислење на Предлог – Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на ЖФК ПОБЕДА ВАЛАНДОВО 14.

ТОЧКА 6

Предлог - Одлуката за одобрување на финансиски средства за санирање на штетите на индивидуална семејна куќа сопственост на фамилијата Јованови од с.Пирава беше отворена расправа.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека неспорна е одлуката за доделување на финансиска помош за семејството Јованови и тоа не го посакува на никој да му се случи. Постави прашање до Градоначалникот на Општина Валандово дали има утврдено Комисија за проверка на сите стебла што се наоѓаат во населените места на територијатата на Општина Валандово да се проверат и да се утврди каде има опасност за во иднина да се избегнат вакви ситуации. Рече дека државата ги заштитува овие стебла но во овие случаи не испаќа парична помош до оштетените семејства.

Градоначалникот се јави за реплика на советникот Тоше Тодоров со тоа што рече дека го дели истото мислење со него бидејќи до општина Валандово имаше пријава за истото стебло уште пред една година, дојдоа стручни лица и рекоа дека стеблото е безбедно. Појасни дека Општина Валандово неколку дена по немилиот настан писмено се обрати до Шумарскиот факултет од кај што треба да дојдат и не само за трите заштитени стебла – јаворите туку и сите други дрвја кој што се потенцијална опасност да добиеме документ дека тие не претставуваат опасност и по јавните површини и по животот на граѓаните. Рече дека без оглед на се безбедноста на граѓаните е на прво место и доколку не добиеме документ каде што се гарантира дека истите дрвјата се издржливи и не претставуваат опасност за граѓаните сите ќе ги отстраниме и ќе насадиме нова зелена површина.

Немаше други пријавено за дискусија, па Предлог - Одлуката за одобрување на финансиски средства за санирање на штетите на индивидуална семејна куќа сопственост на фамилијата Јованови од с.Пирава, беше ставена на гласање и едногласно, со 14 гласа ЗА, истата беше изгласана.

ТОЧКА 7

По Предлог – Предлог – Одлуката за одобрување на финансиски средства за реализирање на активности на Општинската организација на Црвениот крст Валандово немаше пријавено за дискусија, па Советот по спроведеното гласање едногласно, со 14 гласа ЗА даде позитивно мислење на

Предлог – Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на ЖФК ПОБЕДА ВАЛАНДОВО 14.

ТОЧКА 8

По Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово немаше пријавено за дискусија, па Советот по спроведеното гласање едногласно, со 14 гласа ЗА даде позитивно мислење на Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово.

Со тоа дневниот ред беше исцрпен и 12-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово беше заклучена.

Записничар:
С.Димитров

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков